ГОДИШЕН ЗБОРНИК
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ
Историско-филолошки оддел
Книга 3 (1950), № 4
ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE
Section historico-philologique
Tome 3 (1950), № 4

Љубен Лапе

# РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ ВО 1876 ГОДИНА

Ljuben Lape

# L'INSURECTION DE RAZLOVCI EN 1876

Скопје — Skopje
1951

ЉУБЕН ЛАПЕ

# РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ ОД 1876 ГОДИНА

Големото револуционерно движење од 70-те години на 19 век во турската империја што негде прерасна и се изрази во востанија на народите на Балканскиот полуостров го зафати и македонскиот народ. По своите размери и по својата ударна сила како и по својата популарност, востанието на македонскиот народ далеку заостанува зад познатото Босанско - херцеговско востание од 1875 година и бугарското Панаѓурско востание од 1876 година. Тоа не само што е малку познато во историската литература, туку им е малку познато и на нашите луѓе. Овие редови имаат за цел да фрлат малку повеќе светлина на ова, макар и по размери и ударна сила, помало востание од гореспоменатите.

Тукуречи засега не се објавени архивските материјали што би дале материјал за ова востание. Турските архиви на Кустендилската каза, во чиј состав влегуваше Разловци, местото каде избувна востанието, не се објавени. Не се објавени ни записките од современиците на тоа востание за кои разбираме дека постојат.[1]) Познатиот македонски револуционер Никола Петров Русински, чии ракописни работи чекаат исто така на публикување, во една своја кратка белешка споменува дека Малешевското добротворно друштво во Ќустендил и во Софија ги прибрало забелешките на покојниот револуционер и апостол Дим. П. Георгиев и работело на нив за да го запознаело општеството со недалечното историско минато на Малешевско. Тој тврди дека малата историја на Малешевијата ќе содржи материјал за еден период од околу 60 години. До овој момент нам не ни е познато дека се публикувани тие драгоцени материјали. Исто така и Јор. Иванов, зборувајќи патем за Разловечкото востание во својата книга за Северна Македонија, споменува дека повеќе појаснувања би можеле за Разловечкото востание да дадат

---

[1]) Д-р Ефремъ Бѣлдѣдовъ, Разловското въстание въ Македония Отецъ Паисий. Год XV, Кн. 2-3, стр. 70.

мнозина останати живи борци, а нарочно би се осветлило востанието повеќе ако се напечатат записките на војводата Димитар Беровски.[1])

Единствен извор претставува малечката брошурка на К. П. Стојановъ, „Тридесеть години назадъ. Исторически записки по първото македонско възстание презъ 1876 год. Кюстендилъ 1903“. Од самиот наслов се гледа дека писателот, инаку учесник во самото востание, ја напишал брошурката 30 години по разловечкото востание, веројатно подбуден од големото Илинденско востание на македонскиот народ од 1903 година, зашто и самата брошурка е печатена 1903 година. Од 71 страница колку содржи брошурката, 40 му се посветени на Разловечкото востание. Без подлабока анализа за причините на востанието писателот не воведува во самите настани, истакнувајќи ја нарочно улогата на својот татко поп Стојан од Разловци. Инаку, за подготовките и самиот тек на востанието, брошурката на К. П. Стојанов си останува незаменлива. Но и малкуте сведенија што ги содржи оваа брошурка во недостаток на други од прва рака пишувани документи, претставуваат за нас драгоцен материјал.

Сите други што спомнувале за Разловечкото востание или пак се опитувале да дадат поопширно нешто за него, како што е Белдедов Ефрем[2]) и Караманов А. Владимир[3]), ги базираат своите тврдења на споменатата брошурка на К. П. Стојанов и обилно се ползуваат од неа.

Сосем бледо и хронолошки неточно го претстави востанието во неполна страница Јеремија М. Павловиќ во својата етнографска работа „Малешево и Малешевци“ на стр. 432-433, тврдејќи дека востанието го објавил стогодишниот поп Стојан при крајот на 1875 или во почетокот на 1876 год.

Многу жива и разноврсна е народната традиција за самото востание и за главните личности во него: Димитар Беровски и поп Стојан Разловечки. Народот и ден денеска ја пее песната посветена на овој настан: „Запали се, Маре мори, планината Митрашинско и полето Пијанечко“. Народната традиција го сведува кревањето на востанието на насилбите од полјаците, нарочно на обесчестувањето на невестите и момите и како водач го истакнува повеќе Разловечкиот поп Стојан отколку Димитар Беровски. Тоа иде оттаму што Димитар Беровски работеше повеќето скришно во Солун а повеќето попот се гледаше на терен.

---

[1]) Йор. Ивановъ, Северна Македония. София 1906, стр. 354.

[2]) Ефремъ Бѣлдѣдовъ, спомнатото дело, стр. 68-74.

[3]) А. Карамановъ Владимиръ, Единъ забравенъ родолюбецъ. Илюстрация Илиндень. Год. XIV, Кн. 132, стр. 6-9.

Длабоки беа причините за незадоволството на народните маси во турската империја што се изрази во 60-те а нарочно во 70-те години од 19 век, во познатите востанија на Балканскиот полуостров. Тоа незадоволство почиваше на оние економско-општествени промени што станувааа сé повидливи од втората половина на 19 век во турската империја.

Започнатиот процес на распаѓање на турскиот феудализам нарочно се забрза по Кримската војна. Западноевропските капиталистички држави не само што однесоа победа над рускиот царизам и неговото навлегување на Балканскиот полуостров, туку ги подгазија и своите сојузници од борбата, турските феудалци, приморавајќи ги да им ги отворат широко вратите на нивната империја за да ги пласираат своите индустриски стоки, капитали и пари. Сé до 1854 година турската влада не можеше да земе никаков заем од капиталистичките држави на Европа и покрај нејзините упорни настојувања. Но од оваа година натаму турската влада почна секоја година да добива заем, да се задолжува кај западноевропските капиталисти и да паѓа во сé поголема економска и политичка зависност од нив дури Турција не се преврте во нивна полуколонија.

Бидејќи експанзивен и продорен, европскиот капитал бараше што полесно да се добере до пазарите во турската империја, не задоволувајќи се само со водните патишта по Дунав, Средоземно море и Вардар од Велес низводно до Солун, туку барајќи и нови патишта на копното за да ги скрши сите оние прегради на самозадоволувачките области својствени на секој феудализам и да стаса до најскриените природни богатства и најдалечните потрошувачи. Затоа и се осети нуждата од отворање на нови патишта и поправање на стари, воведување телефонски и телеграфски линии, создавање на помодерни пошти со нови превозни средства, и воопшто сé што е потребно да го олесни навлегувањето на западноевропскиот капитал и изнесувањето на домашните суровини.

Нарочно под удар на европскиот капитализам попадна „спахиството како одживеана форма на заостанатиот турски поредок. Засилената трговска размена на стоките императивно бараше промена на социјалните односи и дефинитивно превртување на натуралното стопанство во стоково-парично стопанство. Стариот феудален режим во Турција веќе претставуваше огромна кочница за правилниот развиток на производните сили која што по секоја цена во интерес на прогресот требаше да се измести. Владеачката феудална класа на Турција, пред можноста за реализирање на големи печалби од земјоделското стопанство чие производство го бараа иностраните капиталисти, почна да пројавува сé поголем интерес кон земјоделското стопанство. Тие (спахиите б.м.)

веќе не се задоволуваа само со добивањето на определените уште од старо време давачки на селаните што им ја обработуваа земјата, туку се стремеа и самите тие да станат стопани и сопственици на крупни поседи. Тоа ги тераше турските феудални господари, чиј што инструмен беше државата, со разни законски мерки и по друг начин да го преврнуваат спахиството во чифлигарство“[1]) како нова форма на експлоатација потешка и поостра од првата.

Паралелно со овие стопански промени турската влада правеше обид за воведување и на ред други административно-управни реформи: централистички и модерен административен апарат, граѓанско правосудство покрај старото шеријатско, редовна регрутирана армија, финансиски реформи и др. Макар колку да претставуваа овие напори на турската господаречка класа да се подобри управата на државниот апарат, сепак тие не носеа никакво добро на народните маси. Барем не за поробените народи на Балканскиот полуостров иако буржоаскиот либерален печат во Англија го бранеше со сите сили овој ред на работите, само за да го запази статус квото во Турција, кое ѝ дозволуваше на буржоазијата да може на мир да го врши пљачкањето на народите во Турција. Така на пример Англичанецот Давид Уркарт пишуваше: „Сите зборуваат дека Турција е во упадок. Но во што се гледа тој упадок? Зар не се распространува цивилизацијата во Турција, зар не се шири брзо трговијата во неа? Таму каде што вие гледате упадок статистиките покажуваат прогрес“[2]). Сето ова формалистичко поставување на работите Карл Маркс го разголити во статијата „Турското прашање“. Во неа помеѓу другото пишува: „Кој е трговец во Турција? Во секој случај не Турчинот. Уште кога Турците беа во првобитната состојба на номади нивниот метод во водењето на трговијата се состоеше во пљачкањето на караваните; сега, кога станале малку поцивилизовани, тој метод се состои во севозможни произволни и сосипувачки даноци. Грците, Ерменците, Словените и Французите, сместени во големите морски пристаништа ја држат во свои раце сета трговија и немаат никакви разлози да им благодарат за тоа на турските паши и бегови. Можат да си одат сите Турци од Европа, трговијата од тоа нема да пострада. А развитокот на општата цивилизација? Кој ја шири неа во сите делови на Европска Турција? Не Турците, бидејќи нивниот број е мал и тие се растурени по сета земја. Може да се рече дека тие се масово населени само во Цариград и во два-три мали селски округа. Словенската и

---

[1]) Д. Зографски. За работничкото движење во Македонија до Балканската војна. Скопје, 1950 год. стр. 42-43.

[2]) Марк—Енгелс. Съчинения. Том. IV, стр. 391.

и грчката буржоазија од градиштата и трговските места, е вистинска потпора на секаков вид цивилизација фактички воведена во земјата“.[1]) Напаѓајќи ја остро англиската либерална буржоазија што се стремеше да го запази статус кво-то на Балканот а со тоа и ропството на народите, Карл Маркс уште појасно на едно друго место се искажа дека „присуството на Турците во Европа претставува сериозна пречка за развитокот на природните богатства на Тplaces-Илирскиот (Балканскиот б. н.) полуостров[2])“ и вака или инаку тоа присуство требаше да се ликвидира. Уште подрастичен во тој поглед е големиот поет револуционер Хр. Ботев во статијата „Индустријата во Турција“: „Турската влада прави железници а поданиците ѝ одат пеш; владата ги поправа патиштата а поданиците нејзини бегаат од неа како попарени; владата го воведе во државата Наполеоновиот кодекс а поданиците уште се судат по големата книга на пророкот; владата го смали ѓумрукот на шампањецот а нејзините поданици сѐ уште пијат боза; владата ѝ даде полна слобода на рајата ѝ дозволи да биде рамна со Османлиите, а таа раја гине по затворите без нарочни причини; најпосле, владата облече европски алишта и ги наружа анките со капели и кокови. Странските патници пишуваат за Турците: „Тие посакаа да станат европејци, а станаа пијаници; тие посакаа да ја раководат државата по сите примени закони во Европа а станаа анархисти; тие побараа да го развијат европскиот живот во секој еден поглед а станаа бескарактерни и расипани; најодзади, тие се решија да ја развиваат индустријата, да и' дадат правилен ток на трговијата и да ги наголемат производствата на државата, а ги увеличија даноците, населија множество провинции со разбојници (Черкези и Татари — б. н.) и пропадија неколку стотини илјади работници. Со еден збор речено, од триесетгодишни турски реформи, хатихумајуни, хатишерифи и Ѓилханиња излегоа само овие последици: 1) Турците се научија да пијат вино, да носат европски алишта и да ги велат зборовите; „пардон“ и „бонжур“, 2) Турчинките ги зголемија своите луксузи до неверојатен степен, ја смешаа Азија со Европа, ги содраа јашмаците; владините чиновници се научија да крадат систематски и да се кријат зад законот и зад наредбите кои, право да си кажеме, постоеле само за форма“[3])

Опитите за воведување модерен чиновнички апарат и армија вооружена со американски пушки и машини и топови од фабриките на Есен[4]), правењето на нови патишта, же-

---

1) Маркс—Енгелс, Цитираното дело, стр. 392.

2) Маркс—Енгелс, Съчинения, Том IX, стр. 374.

3) М. Димитровъ, Пълни съчинения на Хр. Ботевъ, София 1940. III, 45-46.

4) М. Димитровъ, Цитираното дело, III, 386-387.

лезнички и телефонски линии; ѕидањето на нови монументални џамии и поправањето на старите војнички тврдини; раширувањето раскошот на дворот и бесконтролното расипање подароци на високото чиновништво од страна на султанот, вршено од Кримската војна наваму, бараше огромни суми и наголемување на државните расходи.

Една кратка статистика ќе ни го потврди ова:[1])

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Во 1853 г. | расходите беа | 7.510.000 | турски лири а | приходите 7.510.000 |
| Во 1860 г. | „ „ | 19.456.000 | „ „ | „ 12.094.000 |
| Во 1874-75 г. | „ „ | 22.930.000 | „ „ | „ 22.523.000 |

Како што се гледа од 1853 до 1874-75 година расходите беа трајно увеличени во државниот буџет. Тројно беа увеличени и приходите на државата. За ова увеличување на расходите спомогнаа секако и заемите од европските капиталистички држави. Како што спомнавме, од 1854-1874 година Турција беше направила 13 заеми во Еропа чија сума изнесуваше 1.624.000 фјорини[2]). Но сето ова беше капка во море. Основните суми што доаѓаа во државната каса беа од неверојатното наголемување на даноците и воведување на сосем нови даноци и такси во турската империја, поспецијално на нетурските националности, чиј најголем број се наоѓаше на Балканскиот полуостров. Еве неколку податоци за тоа:

Во 1856 год. десетокот се земаше само на некои земјоделски продукти но во 60-те и 70-те години десетокот не само што се рашири на сите земјоделски производи туку им се поткачи.

Во 1870 се увеличи таксирањето на секакви документи;

Во 1872 се удвои данокот на виното;

Во 1873 се воведе данокот теметју со кој се облагаа трговците, занаетчиите и надничарите;

Во 1874 се воведе монопол на тутунот и солта и истовремено се поткачи цената на овие секојдневни артикли[3]). Во ова исто време турската влада ги прогласи сите тапиии на неподвижните имоти невалидни и наложи издавање на нови само за да дојде до нови приходи преку новите такси.

Колку тежок им беше овој зголемен даночен товар на поданиците, неколку пати уште потежок им станувашe поради начинот на неговото собирање, поради шиканирањето и рушветчилакот на турските чиновници, поради насилбите и незаконските притисоци на подолните извршни органи, турските собирачи на десетокот, илтизамџиите и бегликчиите,

---

[1]) Клисуровъ, Очерки върху историята на Македонското освободително движение. Македонско дело бр. 130, стр. 6-7.
дително движение. Македонско дело бр. 130, стр. 6-7.

[3]) Клисуровъ, цит. дело бр. 130, стр. 7.

турските полјаци и сл. органи на владата што непосредно општеа со народот. Така на пр. данокот десеток се продавал во Цариград на големи чорбации што го препродавале на други прекупци и додека овие да стигнат да го приберат десетокот се случувало житото да изгиние а илтизамцијата не сакајќи изгниено жито барал да му се плаќа во пари. Бегликчиите земале наместо на десет едно, на седум едно па дури и на пет едно. Негде и на пцоисаниот добиток наплатувале дури.

Видно место во насилијата на селаните земале полјаците. Регрутирани од најдекласираните градски турски или арнаутски елементи, отпрвин полјаците беа само пазачи на селските ниви и ливади за да не влегува добитокот во нив или да не станувaат кражби во полето. Но од пазачи и зависни луѓе од селаните, тие постепено се превртија во господари на селата и најголема напаст за селаните. Заграбувајќи дел по дел од селските општински мери, потоа и од самите селани, тие почнаа да ги тераат селаните да им ги работат со ангарија заграбените ниви и дури да им прават кули во селото, за да си ја запазат сигурноста на својот живот. На овој начин тие пополека станаа вистински мали феудалци на селата мешајќи се дури во приватниот живот на селаните и одземајќи му извесни права на селскиот коџобашија. Ни една мома не можеше да се омажи без полјачка интервенција, без да му се дадат подароци. Носејќи в село често пати тајфи од декласирани исто како нив елементи, се опиваа по селските куќи, грабеа моми и се нафрлаа на честа на жените.

Ако кон ова ги прибавиме уште и природните несреќи, поморот во добитокот и живината поради болеста и поскапувањето на крмата за добитокот и др., што беа чести појави во 60-те и 70-те години од 19 век, тогаш ќе ни биде претставата уште појасна за тешката положба во турската империја.

Нема збор да станува дека огромниот товар од сето ова бреме му тежеше на најбројното население во турската држава: селаните и занаетчиите. Нарочно на селаните. Тие се заборчуваа и уште на зелено ги продаваа своите ниви за да ги исплатат своите даноци. Тие почнува да одат на печалба за да си ги вратат своите ниви. Но поради сé посилната експлоатација тие паѓаа од ден на ден во сé потешка положба. И колку поголема беда и сиромаштија ги давеше, толку поголемо беше незадоволството против турските спахии и чифликсајбии, против турските собирачи на даноци и неправдите што ги трпеа од нив. Со еден збор речено, против турското ропство олицетворено за нив во спахии, собирачи на даноци, полјаци и др. органи што беа

одред се́ Турци. На оваа база се родија и национално-револуционерните движења во 70-те години во Босна и Херцеговина, во Бугарија и во помала мерка и во Македонија.

Се́ до 70-те години од 19 век и во Македонија како и во Бугарија се водеше главно борба за истерување на грчките владици што беа сотрудници на турската државна власт во експлоатирањето на македонскиот народ, борба за воспоствувањето на автокефалната Охридска архиепископија и воведување словенско писмо во црквите и училиштата место грчкото. Но борбите за наши владици и јазик во црквите и училиштата не ја решаваа тешката положба на нашиот селанец и занаетчија. Со сменувањето на грчките фанариотски владици и доведувањето на бугарски егзархиски и наши македонски не се сменија даноците, насилбите, обеспокојувањата, убиствата и изгладнувањето на народните маси. Ова разбирање почна да зема превес токму кога на сцената се јавија новите сили: селаните, занаетчиите и народната интелигенција. Уште во 60-те години од 19 век, пред да стане официјалното признавање на Егзархијата, селанецот дедо Мицо од Робово му даде израз на тоа разбирање кога еден од предните борци за истерување фанариотските владици ,К. Шулев од Велес, му се пофалил дека бргу ќе добијат владици и Егзархија—со зборовите:" Друго, друго нешто да ми кажеш. Пак тие црнокапци ние ќе треба да ги раниме и облекуваме. Јас сакам таква (слобода или слободна држава, б. н.) каква што си имаат Грците, Србите, Власите и другите".[1])

Од друга страна во Македонија никогаш не престанувала ни вооружената борба против турското ропство. Само што таа борба имала во разни времиња и разни форми: отпрвин како борба на хајдучките дружини, потоа стихијни буни и востанија, најодзади организирана борба со јасно определување средствата и целта. Седумдесеттите години од 19 век се годините кога се јавуваат првите никулци на таа организирана борба. Тие почетоци се доста невешти и несигурни, ограничени на помали територии и често пати неповрзани помеѓу себеси, така како што се сите почетоци на секоја една од ваков карактер работа.

Како што горе спомнавме коренот на незадоволството и борбите на народите на Балканскиот полуостров се криеја во економско-општествените промени што станувaa се́ повидливи во втората половина на 19 век. Зборувајќи во општи црти за тие промени во турската империја нам ќе ни биде нужно да ги проследиме тие промени поконкретно и во Македонија.

[1]) Арс. Костенцевъ, Спомени. Сборникъ на БАН, кн. VI, стр. 16-17.

Поради својата централна положба на Балканскиот полуостров, Македонија ја играеше долго време улогата на првокласна војничка база за Турците од каде нивните армии најлесно се префрлаа за да ги бранат турските граници на Балканот од надворешните напади или да ги задушуваат внатрешните буни на албанските и босанските феудалци така чести во средината на 19 век и понатаму. Освен што се наоѓаа многу гарнизони војска во Македонија, таа беше од втората половина на 19 век и колонизирана со 10.000 Черкези и Татари од Крим. По Кримската војна, европскиот капитал почна нарочно да пробива во дотогаш слабо засегнатите краишта на Македонија. Реката Вардар стана пловна и по неа се разви жив сообраќај на сплавови од Велес до Солун. Од 1863 година почнаа позасилено да се поправаат патиштата што водат кон Битола, другиот по важност стопанско-политички центар на Македонија по Солун. Во 1866 почнува засилено поправање на патиштата меѓу Солун и Крива Паланка. Кон 1869 почнува трасирањето и на првата железничка линија во Македонија од Солун кон Скопје која проработи во 1873 год. Со тоа Солун доби уште поголемо значење како првокласен стопанско-политички центар на Македонија и нејзина природна врата за најевтино и најлесно поврзување и со надворешниот трговски свет.

Наголемувањето на даноците и грубиот начин на нивното собирање и во Македонија најдоа силен одраз. Ќе ги пуштиме самите извори да зборуваат за тоа. Ресенското село Јанковец се до 1874 година било државно добро и се ползувало со релативна благосостојба додека не го купил дебранецот Иљас Ага. До 1874 покрај плаќањето на сите налози јанковчаните и' плаќале на државата по 15 гроша годишно од куќа за ползување на земјата од државното стопанство. Новиот стопанин на селото почнал да бара од Битолскиот административен совет да му дозволи овој да го наголеми налогот од 15 на 50 гроша не годишно туку месечно за секоја куќа. По решение на советот во Битола му било дозволено да зема годишно од секоја куќа од 120—420 гроша, што значи дека новиот стопанин ги зголемил налозите од 8 — 28 пати повеќе.[1])

Селаните од прилепското село Бучин му се жалеле на прилепскиот кајмакам Раиф ефенди на 8-I-1876 со овие зборови: „Ве молиме со солзи да нé спасите од оваа напаст. Ние не смееме дома да седиме, нити од куќа да излегуваме. Не смееме да одиме на пазар, нити на дрва. Не сме стопани ни на жените, ни на ќерките, ни на овците, ни на коњите, ни на воловите, ни на нивјето, ни на бавчите, ни на ло-

[1]) А. М., Селищевъ, Славянское население въ Албании. София 1931, Стр. 25.

зјата, ни на црквите, ни на водениците итн. Ние сме принудени сето тоа да го продаваме за да им дадеме на зулумџиите пари. Најлошото е од сето тоа, што кога некој од нас сака да се жени треба да плати кому 2.000, кому 1500, кому 1000 или 500 гроша. Ние ве молиме најпонизно да не́ спасите од тие зулумџии или да пратите царска војска за да не́ исколе сите или да ни наредите да го продадеме селово и да се преселиме на друго место, Зашто не се трпат зулумите што ни ги прават некои жители од селата Трновци и Пресил".[1])

Поправањето на патиштата во Македонија се вршело со ангарија. Во една дописка од Солун, покрај другото, читаме и тоа дека „на таа ангарија се наоѓале и жени дури. Многу луѓе биле донесени од многу далечни места. По пат тие ја досвршувале храната, а штом стасувале на местото не наоѓале ниту храна, ниту покрив за спиење. Мнозина од нив изумреле од глад и студ. Освен тоа на оние пак што работеле плантаторите не им давале никаква потврда и после пак се јавувале повторно во селото и земале по 2 и по 3 турски лири за правење на патишта. Каде се видело и чуло вакво ропство и вакви нечовечност?" завршува дописката.[2])

Почнал да царува и гладот во Македонија помасовно, за кое зборуваат пак неколку дописки во весниците. Ќе цитираме само една поради нејзините карактеристични заклучоци, која има заглавие: „Во Македонија владее голем глад", и продолжува понатаму: „Во грчкиот весник „Епоха" соопштуваат дека една сиромашка жена што имала 4 деца, кога не можела да ги прехрани, тргнала да бара помош од околните села; насекаде среќавала страшна беда и откажување. Кога обиколила неколку села заедно со децата што примирале од глад, таа снеможела и паднала на сред пат. Кога се разбудила од летаргијата во која ја фатил гладот си ги видела четирите деца до неа мртви. Очаена таа се обесила на едно дрво. Ние стоиме и мислиме над оваа плачевна состојба на рајата, мислиме и го споредуваме нашиов живот со животот на другите народи што се наоѓале некогаш во подобра положба и гледаме по се́ дека наближува веќе денот на револуцијата! Кај нас постоеја до сега тукуречи сите услови за бунт, не достасуваше само гладот. Ќе го видиме неговото страшно дејство".[3]

Собирањето на даноци врвело со страшни насилби и притисоци што често пати се завршувале со убиства. Во еден извештај на битолскиот руски консул В. Максимов од

[1]) Селищевъ, цитираното дело, стр. 29.
[2]) М. Димитров, цитираното дело, Том. III, стр. 446-447.
[3]) М. Димитровъ, цит. дело, том III стр. 451.

29.XI.1875 год. се цитира 21 убиство со имињата на луѓето и местата извршени во тек само на два месеца од 1875 година во реонот на повереното му консулство. На крајот консулот забележува дека „со приведените случаи не се исцрпувале сите убиства во текот на тие 8 недели".[1]) Подоцна истиот консул дава еден долг извештај на 108 страници за бедите па христијаните што се наоѓаат во реонот на битолскиот консулат".[2])

Не останале незабележени овој страшен гнет и ѕверства надвор од Македонија. Поетот и револуционерот Хр. Ботев, емигрант во Букурешт, дава жив одѕив за сите неволи на Македонците низ статиите на своите весници што ги издава во Букурешт. Така во една дописка под заглавие „Турските ѕверства во Македонија" — тој пишува дословно вака: „За жалење е положбата на нашите браќа во Македонија; тие таму страдаат и од Турци и Грци и од Цигани и од Евреи. Навистина секој притисок од страна на нашите тирани е во наша полза, за наше свестување; но кога си гонет и притискан од секаде, кога сите што те обиколуваат се насаскани како кучиња и гледаат на секоја стапка да те сопнат и да те продадат, врви тогаш и работи и за Турчинот, и за себе и за народот. Чудно е навистина дека нашите браќа Македонци уште не паднале во апатична состојба при таков мизерен живот, туку сепак работат јавно и тајно за своето ослободување од турското ропство".[3])

Навистина овој притисок и насилби предизвикуваа и реакција кај народот. Во една друга статија под заглавие „Во Македонија разбојништвото стигнало до својот апогеј" пак Ботев пишува: „Од Солун ни јавуваат дека освен малобројните малечки ајдучки чети што систематски ги обираат патниците на патиштата, друга една чета од 40-50 души ги пљачка местата околу Лерин, Костур и Писодери.... Ние не знаеме дали таа чета е ајдучка или разбојничка и кои се причините за нејзината појава: пљачката или одмаздата. Но како и да е, ние не ги осудуваме тие јунаци, зашто, да бидеш разбојник во државата на разбојниците, е еден од најлогичните и праведните заклучоци. Напротив, ние им сакаме дури и добри успеси зашто ајдутството е пријател на револуцијата.

Од Битола јавуваат дека Горни Дебар се побунил. На тамошниот мутесариф грмнале за да го убијат и тој побегнал. Војските се испратени за да ги смират недоволните. Каква е таа работа? Ајдути насекаде, Дебар се буни, началник на чета дебранец, војски крстосуваат насекаде — тука

1) Селищевъ, цит. дело, стр. 25-29.
2) Селищевъ, цит. дело, стр. 30.
3) М. Димитровъ, цит. дело, том. III, стр. 408.

треба да има нешто. Гладот, сиромаштијата и турското варварство го донесе населението во очајание. Дали почетокот на нашата револуција е во Македонија? А, браќа емигранти?“ — ја заврши статијата Хр. Ботев.[1])

Востанието во Македонија против турската власт не стана во западниот дел кој, како што се гледа од веќе досега цитираните документи, вриеше, туку во источниот дел во полите на Плачковица, во Пијанец и Малешевијата (денеска Делчевска и Беровска околија).

Во овој планински, богат со букови, дабови и борови шуми и убави пасишта крај, населението одамна се беше посветило на сточарството. Покрај добитокот од самите малешевци и пијанчани на овие пасишта го чуваа добитокот и сите села од околиите Горно-Џумајска, Мелничка, Струмичка, Радовишка, Штипска и Кочанска. Дури од Тетовско ги носеа Албанците своите овци на гоење и ги продаваа подоцна на солунските и цариградските цазари како малешевски овци. Покрај сточарството населението се занимаваше и со овоштарство, нарочно со производството на суви сливи што се бараа и ценеа на солунскиот пазар повеќе и од босанските. Но од сточарството и овоштарството не можеше да се прехрани населението од овој крај та затоа и голем дел од мажите одеа како кираџии и ѕидари по Балканот или слегуваа како општи работници во Св. Гора каде мнозина и си ги оставаа коските од напорната работа, поради кое и во народот често се слушаше поговорката: „Света Гора, слепа гора. Грбо да ти го изеде, коските да ти ги искрши“[2]) Одовде и женскиот дел од населението го напушташе привремено својот дом слегувајќи често пати во Струмичкото поле и др. околни полиња на работа по турските чифлици каде беше изложено на чести насилби на беговите, на полјаците и други турски органи. Често се случувале да ги напаѓаат тие исти полјаци невестите и момите и во нивните куќи, да ги оставаат во друго положение и да им наредуваат децата од нив родени да ги задавуваат. Не ретки беа случаите и на насилно потурчување на многу жени и моми. Како резултат на сето тоа беа селата во Пијанечко и Малешевијата мешани со муслиманско население. Така на пример во селата Црвеник, Панчарево, Истевник, Трабовиште, Вирче, Град, Стамер, Звегор, Турско Габрово, Калиманци, Делчево, Берово, Пехчево и др. живееше заедно и муслиманско и наше население.

Овој наш крај беше одамна познат со својата слободољубност и бунтовност. По неговите планини и села се движеа четите на дедо Ињо Малешевски, Румена војвода

---

[1]) М. Димитровъ, цит. дело, Томъ. III, стр. 447.
[2]) J. Павловић. Малешево и Малешевци, Београд 1928, Стр. 437

и др. во 50-те и 60-те години од 19 век. Немаше малешевска куќа што не пратила свој домаќин, брат или син да ајдуттва по малешевските планини, Голак, Пирин, Плачковица, Осогово и Рила. Не случајно во 70-те години од 19 век, кога се засили општото вриење на Балканот, овде тоа прерасна во востание. Главен иницијатор и организатор на ова востание е учителот Димитар Поп Георгиев од Берово со прекар Беровски или Малешевски.

Роден во Берово и свршил основно образование во него, Димитар Беровски замина кон крајот на 50-те години од 19 век во Одеса за да го продолжи своето образование. Тој е меѓу првите наши интелектуалци што заминаа на учење во Русија. Поради својата бујност и смелост тој беше истеран од Одеса и во 1861 година се префрли во Белград.

Од 60-те години на 19 век Белград стана уточиште на многу револуцинерни бунтовни сили од соседните народи што стенкаа под турскиот јарем. Таму работеа бугарските револуционери со Раковски на чело, таму имаше и доста бунтовни елементи од Босна и Херцеговина, таму беше се склониле и доста македонски ајдути и бунтовници како Хр. Н Македонски, Спирко Геров, дедо Ил.о Малешевски, сограѓанин на Димитрија Беровски од истото место и други. Помеѓу овие немирни и слободољубиви елементи се кроеја стално планови за заедничко истапување против турската власт. В. Чубриловиќ тврди дека во Белград бунтовникот Миќо Љубибратиќ се договорува да се крене востание и во Македонија штом тоа ќе стане во Херцеговина.[1])

Димитар Беровски попадна токму во оваа средина и под нејзино силно влијание. Тој стапи во војничкото училиште во Белград, се оспособи за ракување со оружје и борба, зеде учество во акцијата против Турците 1862 година, во познатото бомбардување на Белград и потоа, преку Цариград, се врати во своето родно место Берово за да работи исто така за ослободувањето на својот народ од турското ропство. Беровски стана учител во Берово и разви отпрвин силна културно-просветна активност земајќи живо учество и во црковните борби и внесувајќи во нив доста револуционерен тон. Во1874 година тој организира акција против грчкиот Струмички митрополит која се сврши со истерување на митрополитот од Берово. Обвинет како бунтовник против Турската власт, тој и неговите двајца браќа биле затворени во Струмица од каде биле ослободени со големи гаранции. Одовде, заедно со своите браќа, Димитар Беровски заминал во Солун и таму почнал да го крои планот за кревање на востанието.

[1]) В. Чубриловић, Босански устанак, Београд, 1931, стр. 38.



*Димитар Поп Георгиев Беровски*

Од 70-те години на 19 век Солун е веќе голем стопански и административен центар што ги привлече мнозина македонски трговци и занаетчии да се преселат во него и да отворат свои трговски куќи и дуќани. Во него постои веќе и македонска црквеноучилишна општина, македонски училишта и книжарници. Се создаде и македонска интелигенција макар и мала по број но доста активна и борбена. Од оваа интелигенција, трговци и занаетчии Димитар Беровски по-

степено организира еден кружок од негови сомисленици и кон 1875 година веќе во тој кружок ги наоѓаме, покрај него, уште и неговите три брата: Костандија, поп Ивана и Алекса, потоа Стојана Цоцов, Гогета Ширтов, поп Петрета Солунски, двајцата браќа Еврови и солунските учители, мајка и ќерка, баба Недела и Станислава Караиванова.

„Кога ги разгледуваме револуционерните движења во Турција не можеме да не одбележиме дека интелигенцијата игра првостепена улога, нарочно во почетокот на организирањето; известен контингент од организирани сили бил секогаш неопходен за да се започне организирањето на масовното незадоволство. Но ова не се појавува едновремено во сите области на Турција. Тоа зависеше во чии раце се наоѓа трговијата во дадена област, зашто појавата на интелигенцијата е тесно сврзана баш со развитокот на трговијата. Оваа (трговијата — б. н.) од една страна дејствува за кршењето на старите економски основи и увеличувањето незадоволството на масите, од друга страна, пак, таа ги создава елементите што се неопходни за организирање на најпотиснатиот дел од народните маси".[1]) Ние немаме поопширни податоци за овој кружок и за сета негова активност. Во една белешка од поново време овој кружок е окарактеризиран како „таен револуционерен комитет што бил во врска со водачите на Малешевското революционерно движење"[2]). Останува предмет за понатамошно испитување неговиот состав, неговата идеолошка база, влијанија и др.

Димитар Беровски имал живи врски и со теренот во Пијанец и Малешево. Пред сѐ и сѐ само Малешево гравитираше кон Солун и многу Малешевци со сливи, ракија, борина и добиток слегуваа на пазар во Солун. Одејќи на работа во Св. Гора мнозина од Малешевците се враќале во Солун. Димитар Беровски најнапред го придобил за идејата да се крева востание во Пијанечко и Малешевско својот дедо од Пијанечкото село Разловци, поп Стојана кој ќе стане најактивниот борец по него а селото Разловци центар на востаничките договори и акции на теренот. Користејќи ја неговата имотна состојба и неговиот авторитет, Димитар Беровски го вовлекол во приготвувањето на востанието кога го повикал во Солун 1875 година.[3])

Бидејќи сведок на многу насилби што ги правеа полјаците и спахиите над селските моми и невести не само во неговото село туку насекаде, самиот поп Стојан како човек

1) А. Себастияновъ, Революционната проблема въ Турция, Македоно-Одрински прегледъ, год. II бр. 26-27.

2) Албумъ Македония, София, 1931, текст под сликата на Станислава Караиванова стр. 5.

3) К. П. Стояновъ, цитираното дело, стр. 10.

близок и одѕивчив на народните неволи долго време ги пречекорувал праговите на турските судилишта во Ќусгендил и одел дури во Софија да бара правда за својата паства, но таа правда ретко доаѓала од турските судилишта. Полн со омраза кон сите неморални постапки на турските полјаци и спахии тој се убедил дека со молби и судење на турски судови не може да се спаси народот и ја прими како нешто сосем логично спасоносната идеја за кревање востание и ликвидирање на омрзениот режим. При срекавањето во Солун 1875 година со поп Стојана, Димитар Беровски конкретно пристапил кон прашањето за кревање на востанието и донесол решение и материјално сам прв да го поднесе товарот. Тој го ополномоштил деда си да може да продаде еден дел од неговиот имот во Берово а зeмените пари да му ги испрати за купување оружје, неопходно за востанието. Враќајќи се во Берово, поп Стојан ја исполнил порачката и ја испратил првата пратка од пари за купување оружје во Солун. Од овој момент поп Стојан станува главен спроводник на сите директиви што му идат од Беровски и истовремено собирач на нови сили за готвеното востание. Барем таков ни се претставува од сина му К.П. Стојанов во споменатата негова книга, која за понатаму, тукуречи ни е единствен извор на кој се опираме.

За да го отклонат вниманието на турските власти од готвеното востание и за да го сведат на минимум нивното одење во село Разловци, каде, како што рековме, отсега натаму ќе станувaат сите советувања и организациони подготовки, поп Стојан, заедно со други истомисленици, решиле да го прекупат десетокот од турската држава за општа сметка на селаните. За таа цел ги испратиле неговиот син Костадин, Цоне Спасов и коџобашијата Нико во Кустендил. По долги интервенции и поткупи успеја да ја свршат таа работа. Потоа поп Стојан го свика првото собрание на истомислениците во планинското место Калаџерџево, над село Разловци, во кое учествувале десетина души од Разловци, Хаџи Атанас од село Драгобрашта, Цоне Дончов од Кочанско и др.[1]) Како што се гледа од ова прво советување кругот на заверениците се шири и на селани од други околии. Инаку селото Разловци претставуваше природен центар за трите најсоседни околии Пијанец, Кочанското и Малешевијата и тукуречи беше подеднакво оддалечено од овие околии а со своето местоположение доста заклонето од големите патишта и административни центри на турските власти. На ова прво советување се постави на дневен ред прашањето за набавка на оружје. Учесниците на советувањето решиле куршуми и барут да најде поп Стојан во Ќустендил

[1]) К. П. Стояновъ, цитирано дело стр. 11.

кај некој си Друмарски и во Виница кај Стевана Стојанова, а празни чаури да се земат од еден Турчин во Пехчево преку некој селанец. За да го овозможи посигурното вооружување како и да им олесни на присутните разловчани, попот како поимашлив ветил на состанокот дека тој зема на себеси да го плати сиот десеток на Разловци а селаните да гледаат што повеќе да се вооружат.

Набавувањето на оружје, барут и др. потреби за востанието претставуваше огромни тешкотии не само од материјален карактер, туку тоа беше врзано и со големи опасности дане се открие востанието предвреме. Затоа и во декември 1875 год. поп Стојан реши да го испрати и сина си Костадина и Котета Карчев во Солун со 8 крави, 2 вола, два товара масло и неколку кожи за да ги продадат и со парите да купат оружје како и да ги изменат мислите со главниот заверенички круг во Солун. Цели три месеци се вршело купувањето на револвери, ловциски пушки и други предмети за востанието. Во ова време било дадено и знаме од црвена коприна да се извезе за готвеното востание. Знамето го извезле и украсиле учителките во Солун, мајка и ќерка, баба Недела и Станислава Караиванова. По кажувањето на А. М. Селишчев [1]) што во 1914 година лично го видел при синот на Дим. Беровски преселен во село Долна Граштица (Бугарија) тоа било „многу убаво црвено копринено знаме". Врз жолтото поле имало извезен темноцрвен лав. На знамето имало натпис: „На 8 мај 1876". Пред ликот на лавот натпис: „Македонија". На две други ленти повик: 1) Станете, 2) Да ви освобода". Станислава напишала и една песна со која ги викала Малешевците на востание. И стиховите на оваа песна ги нашол Селишчев кај синот на Дим. Беровски и ги напечатил во својот „Отчет". [2])

Во моментот на овие приготвувања, во месец март 1876 година, пристигнал во Солун некој поп Генадија од Софиско и од збор на збор разбрал од завереничкиот круг за готвеното востание. Дотогаш никој човек надвор од Македонија не знаел за овие подготовки за востанието, ниту пак нашите завереници знаеле за сличните подготовки во Бугарија. Со еден од заверениците, како понеопасен, поп Петре Солунски, Генадија заминал во Велес за да ги видат тамошните подготовки, но поради следењето на власта ништо не можеле да сторат и се вратиле назад. Генадија си заминал од Македонија а заверениците ги забрзале своите подготовки зашто ближела пролетта на 1876 година. Силно влија-

[1]) А. М. Селищевъ, Изъ биографии Станислави Балкановой, Македонски прегледъ год. VIII, кн. 4, стр. 26.

[2]) А. М. Селищевъ, Изъ биографии Станислави Балкановой, Македонски прегледъ год. VIII, кн. 4, стр. 26.

ние и подбуда за кревањето на востанието укажале на заверениците и херојските подвизи на херцеговските востаници за кои не само читале и слушале од други, туку катаден го гледале во Солун носењето на ранети Турци од бојните полиња во Херцеговина и Босна.

Меѓутоа, долготo отсуство на Костадина од Разловци во Солун, кој и инаку беше јамец за плаќање на десетокот, како да било забележено од ќустендилските власти и место него го повикале татко му поп Стојан во Ќустендил, наложувајќи му веднаш да се исплати десетокот инаку јамецот ќе одговара по административен пат. Поп Стојан зеде на заем од Ќустендил 8.000 гроша колку изнесуваше општата сума и десетокот, наеднаш го плати и се врати во Разловци да ја продолжи работата. Од купеното оружје и други потреби за востанието еден дел веќе се пренесуваше од малешевските кирации во село Разловци, та поп Стојан мораше таму да се најде. Сепак главната количина на оружјето, револверите и куршумите што тежеа околу сто ока, поради нивната важност решија да ги пренесат самите завереници од Солун, Дим. Беровски и Коте Карчев, по скришни патишта на коњи натоварени. По долги перипетии заверениците стигнаа со оружјето во Разловци во месец април 1876 година. Со нивното идење веќе се пристапи кон поконкретните подготовки. На старото место за советување, Калаџерцево, се одржа второ важно советување на заверениците на кое се распраќаше за планот на востанието, местата кои ќе бидат опфатени од него и начинот на борбата. На советувањето се реши:

1) Димитар Беровски, главната личност на заверениците, да ги обиколи со една мала чета околиите Пијанец, Малешевско, Радовишко, Струмичко, Петричко и Мелничко; да им каже на луѓето дека штом чујат за востанието да го грабнат сами оружјето и да станат а жените, старците, децата и стоката да ги префрлат во планина;

2) Востанието да почне најпрво од пијанечките македонски села. Овие да навлезат во околните села населени со Турци, нарочно во Царево Село како средиште и административен центар на Пијанец за да го очистат од турскиот елемент, потоа да се префрлат во Малешевско и да им се соопшти на селаните дека кој не ќе биде со востанието ќе го сметаат за противник и ќе го гонат исто така како и Турците. Во Малешевско требаше да се изврши регрутирање на нови сили за пополнување на востаничкиот кадар, со засилените сили да се нападне Пехчево, тогаш административен центар по цело Малешевско и да се исчистат и отаде Турците со оглед на тоа дека 700 куќи во

Пехчево биле тогаш турски а само околу 100 македонски, [1])

Заверениците, како што излегува од К.П. Стојанов, ги имале предвид само селата од Струмичко, Радовишко, Штипско, Кочанско, Малешевијата, Петричко и Мелничко дореката Струма, без да се спомнува за проширувањето на акциите во западниот дел на Македонија каде, како што видовме, постоеше вриење и дури една буна во Дебар. Ова ограничување опсегот на востанието зборува од друга страна и за неразвиеноста на завереничкиот круг и неговата теснота ограничена на луѓе само од источниот дел на денешна НР Македонија и Пиринска Македонија каде што повеќе се движел и организаторот на востанието Димитар Беровски а кое во дадениот момент беше сосем логично и разбирливо. Ние видовме дека обидот на заверениците да се поврзат со Велес не успеа и дека заверениците се ограничија само на спомнатите краишта.

Според направениот план Димитар Беровски пристапи кон обиколување најпрво во Малешевско. Со својата агитационо-организаторска чета тој успеал веќе до околу 13 мај да ги обиколи Малешевските планини но резултатите не го радуваа многу зашто некаде успеал да ги убеди луѓето да се кренат и зел нивна согласност, а негде не успеал. Враќајќи се во Разловци тој се готвеше да се префрли во Осоговските планини за агитација во пијанечките села. На 20 мај (7 по стар стил) кога се држело третото по ред советување на кое присуствувале околу 30 души завереници, ненадејно дошле неколцина селани од Разловци да соопштат дека во селото стасале Турци спахии и тапиџии викајќи ги селаните да си ги земат тапиите. По сé изгледало дека Турците разбрале за подготовките на востанието зашто во лутината викале дека ќе го запалат селото, ќе ги сринат куќите и колибите превртувајќи ги местата каде тие сега живеат во ниви што ќе ги сеат со јачмен. Ова викање на селаните под изговор дека ќе им ги даваат тапиите, што во 60-те и 70-те години се вршело во турската империја на неколку пати со цел преку таксите на тапиите да се дојде до повеќе пари а што беше нов начин за исцедување на населението, ова викање секако требаше да послужи како маска за полесното фаќање на селаните и уште во коренот да се задави востанието. Турците веќе беа успеале овој пат да фатат околу десетина души селани и се готвеле да ги пренесат во Царево Село (денеска Делчево) како административен центар. Истовремено тие беа решиле да потурчат две моми во Разловци. Овој ненадеен настан го забрза решението на заверениците и ја пресече тукуречи наполу започнатата работа околу неговото пошироко организирање. По планот Беров-

[1]) К. П. Стояновъ, цитираното дело стр. 20.

ски требаше уште неколку околии да ги подготви за кревање на востанието, но моменталната акција на Турците ги натера завереницитe на брзо решение. Тие решија уште истата ноќ да го објават востанието и ги дадоа во таа смисла и заповедите. Веќе до полноќ се собрале 60 души во Калаџерџево. На брза рака направија план за објавување на востанието во Разловци, фаќање на турските спахии и тапиџии, ослободување на своите другари од турски раце како и испраќање курири во Берово и другите села во Малешевијата да им соопштат да се готови за востанието. Според К.П. Стојанов, 12 души од востаниците требало да влезат во Разловци и да се разделат на две групи по 6 души; едната група од шесте души да влезе во поп Стојановиот ан што се наоѓал спроти коџобашиската куќа во која се сместиле тројцата од Турците а другите шест во една сенарница близу до станот на останатите Турци. Другите востаници пак да ги фатат двата главни пата на селото и мостот на реката Брегалница. Ненадејно почнал да врне ноќта силен дожд помешан со лапавица и не престанал до ручекта на 21 мај. Ова повеќе го отежнало организираното подготвување и раширување на востанието. Но и покрај сето тоа според набрзо скроениот план за акции сите востаници вооружени кој со оружје, кој со секири, мотики и вили, поради недоседкраточното оружје, си биле на определените места. Утринта на 21 мај 1876 година (8 мај по старо, како што стои оваа дата и на знамето) првиот плотун ја пресече штамата на селото, со кое и започна првото колку толку организирано востание на македонскиот народ во источниот крај на денешна НР Македонија.

Во моментот кога Турците од една куќа заедно со врзаниот селанец од село Истевник што беше тргнал со брата му да присуствува на советувањето во Калаџерџево, се беа упатиле во куќата на селскиот коџобашија и предавник Нико каде беа кондисале другите Турци, силен грмеж од поп Стојановиот ан го кутна на земјата Турчинот Алимана а наместо го остави по погрешка селанецот од Истевник. Деталите на почетокот на востанието се предадени од К.П. Стојанов со овие зборови: „Во тоа време пред куќата на коџобашијата еден од Турците излегувал а еден од селаните му поднесувал јагне за колење. Во истата минута изгрмеа две пушки од поп Стојановиот ан и Турчинот, кога го испушти јагнето од раце да му избега, моментално падна на земја. Дури тој лежеше и преташе со нозете, коџобашицата Злата излегуваше да му донесе вода за да се измие од крвта на јагнето. Таа беше се научила за ранувањето на Алимана, и како негова пријателка, го тажеше на висок глас. Но штом виде јаг-




нето да избегало и Турчинот искрвавен, таа се сети за двата пукота од поп Стојановиот ан и разбра дека тука има нешто подготвено. Го викна мажа си, му објасни за опасноста на останатите живи Турци кај нив дојдени и брзо се врати дома за да ги скрие. Тие (коџобашијата и коџобашиницата — б.н.) им помогнале да избегаат низ таванот на нивната куќа и ги упатиле кон река Брегалница. Но штом виделе Турците дека е мостот земен (од востаниците — б.н.) а реката голема, не знаеле долго време што да прават и најодзади, до подмишка во вода влезени и ранети, успеале да побегнат“[1].)

Ранетиот Турчин Алиман, инаку пољак во Разловци и голем пакосција на кого што и ден денеска потсетува кулата до Разловци што се вика Алиманова кула, се скрил во визбата на една куќа каде коџобашијата Нико го префрлил и уште другиот неранет Турчин, тапиџијата Јусреф. Потоа

1) К. П. Стояновъ, цитираното дело стр. 23.

коцобашијата Нико заминал незабележен во с. Иственик да им соопшти на Турците таму за станатото во Разловци. Штом разбрале востаниците каде се скриени последните Турци ја запалиле куќата во која изгореле сосе неа и Турците. При видот на оваа сцена селаните од Разловци ги собраа тапиите, спахиските тевтери, коцобашиските рабуши, чатали и др. и додека горела куќата во која што биле Турците ги фрлиле сите овие во пламенот да изгорат.

Горењето на спахиските тефтери, коцобашиските рабуши и чатали значеше за разловчаните прекинување со својата потчинетост и зависност од турската власт. Горејќи ги спахиските тефтери разловчаните без да знаат за тоа, постапија онака како што многу порано на Запад тоа истото го правеа западните кметови горејќи ги градските урбари и други документи во кои се наоѓаа запишани нивните задолженија и долгови. Истовремено со ова горење на тефтерите поп Стојан му нареди на својот син Костадин што се наоѓаше во редот на востаниците да го запали нивниот ан за да им даде пример на другите дека го поднесува на жртва својот имот сметајќи дека слободата е поскапа од сѐ.

Попладне уште истиот слободен ден на село Разловци востаниците решија да заминат во Малешевско до главното село Берово каде што ги чекаа 300 души собрани Беровчани и Владимирци во планињето а Цоне Спасов да остане со една чета во Разловци со цел да ја изврши евакуацијата на старците, жените и децата и стоката според утврдениот план и потоа и тој со востаниците да замине по трагата на првите кон Берово.

Со развеано знаме на чело под раководството на Димитар Беровски тргнаа 30-40 души востаници кон Берово. На пат за Берово востаниците имаа прво сражение во село Митрашинци со десетина Турци водени од еден чауш. Фаќајќи згодни позиции без да бидат забележани од востаниците, овие Турци од зад тил се нафрлиле на востаниците. Со започна борба што траеше цели 5 часа. Во борбата беше тешко ранет во главата самиот водач на востанието Дим. Беровски а Турците биле натерани во бег. Сите жени, деца и старци сосе стока заедно како во Разловци се кренале и од Митрашинци в планина. Ранувањето на Дим. Беровски се одрази многу лошо на понатамошниот тек на востанието зашто таман што беше тоа почнало. Од друга страна пак, забавањето на другата чета под раководство на Цоне Спасов ги натера востаниците да се вратат назад во Разловци на место да продолжат напред кон Берово како што беа првин кинисале. Доцна ноќта на 21 тие стасаа во Разловци каде ги затекнаа избеганите разловчани во многу лоша состојба. Од студот и снегот што беше напаѓал ноќта, непривикнатите жени и деца беа се скочаниле. Од друга страна

додека нашите востаници на чело со Дим. Беровски беа заминале кон Берово, уште истиот ден попладне башибозукот од соседните пијанечки села, разбрал за востанието на разловчаните, се нафрлил со сета сила на селото. По слаб отпор на селаните и останатите востанички чети, Разловци станало плен и пљачка на башибозуците. Во самиот отпор загинале 10 разловчани и 2 разловчанки а од Турците тројца. Тие ја опљачкале црквата во селото, ја запалиле куќата на поп Стојана и три други куќи како и неколку сенарници и, откако ги забрале селските стада, се оддалечиле од Разловци.

Турските административни власти во Царево село се послужија со нарочно средство во смирувањето на станатите разловчани. Разбрале дека меѓу првите во востаниците се наоѓа поп Стојан а знаејќи за авторитетот на пониското свештенство сред народните маси, тие најдоа меѓу пониското свештенсво од соседното село Вирче двајца попови да ги употребат како свои орудија во разбивањето на востаничките сили. И двата попа од Вирче заминаа во Разловци да ги наговоруваат селаните да се вратат в село, да им го предадат оружјето на Турците и да се покајат, а за сето тоа ќе им биде простено. Поп Стојан мораше да истапи остро против предавничките попови и турските слуги, докажувајќи им на разловчаните дека и да им се предадат на Турците пак ќе бидат убиени како што тоа се случи со неколку души разловчани. Тој ги покани селаните да ја продолжат започнатата борба укажувајки им дека без жртви не се добива слобода.

Ослободителната идеја кај нашиот народ не беше толку плитка, да би можеле да го вратат овие двајца предавнички попови од патот по кој беше тргнал. Разловчаните заминаа кон Кочанско и Малешевско пак и на 23 мај стасаа во планината Плачковица на местото каде што беа избегале селаните од село Лаки од кои 40 души беа вооружени и раководени од Цоне Дончев. Како и во Разловци така и во испразнетото село Лаки, беа влегле 60 души Турци да го пљачкаат, но штом дочуле дека се приближуват разловчаните за да се поврзат со останатите во Лаки веднаш беа го испразниле селото. По споразум со Дим. Беровски, Цоне Дончев и понатаму остана да го брани Лаки и Беровски со разловчаните продолжи кон Радовишко. Сопирајќи се во село Смиљанци, тој ги повика селаните од Радовишко да му се придружат. Но поради турскиот притисок направен пред идењето на Беровски, радовишаните не им се придружиле на разловчаните а своето оружје беа го скриле од аскерот што дошол во Радовиш. Овој неуспех го повлече по себеси и другиот неуспех.

Приготвените 300 души беровчани и владимирци под оружје што беа цели четири дена чекале на Дим. Беровски, поради неговите забавања и поради извршениот турски притисок се вратија од планина назад по куќи. Со тоа и втората надеж на Дим. Беровски пропадна. Останаа само две востанички чети во планините малешевски, четата на Дим. Беровски и на Цоне Дончев, точно во моментот кога о сите страни се стегаше турскиот обрач од аскер и башибозук околу востанатите.

За да ги скрши востаниците турската власт издаде заповед до сите села од Кочанско, Штипско, Радовишко, Струмичко, Мелничко и Горно-Џумајско, што ја гонеа својата стока во малешевските планини на пасење, каде сега се беше кренало востанието наеднаш да ја сметнат стоката во полските села од планините, да престанат да одат со леб овчарите в планина, целејќи со тоа да ги изгладнат востаниците. Потоа турската власт на 28 мај го засили кордонот од турски аскер околу востаничките села. Така на 28 мај стасаа во Струмица и Радовиш 500 души редовни аскер; во Мелник и Петрич 1000, во Горна Џумаја исто така 1000 души. Кон Малешевско се упати Ќел Хасан, задавувачот на Панаѓурското востание од Тракија, со еден цел табур војска. Кон сите редовни војски се беа придружиле башибозуците од кои најмногу страдаа избеганите жени, деца, нивните куќи и стока. Главна цел беше станатото село Разловци и востаничката чета на Дим. Беровски. По вторпат само во неколку дена растојание Разловци беше пак подложено на сеч и нож, оган и куршуми. Се дограба тоа што остана недоземено во првото пљачкање и се допали она што небеше во првото. Започна фаќање и врзување на останатите фамилии во селото. Десет фамилии заедно со фамилијата на поп Стојана биле испратени во К‘устендил на суд. По селото Разловци дојдоа на ред и другите села во Малешевијата, каде што се дигнаа луѓето или имаа некакви врски со востаниците. Востанието беше задавено во крв и оган. Збеснати што не можат да ги дофатат востаниците што под вештото раководство на Дим. Беровски беа успеале да им се скријат, Турците апсеа и пљачка безразборно по селата. Затворите во Пехчево, Струмница, Ќустендил, Скопје, Софија, Серес и Солун беа преполнети со врзани селани во синџири. Се пристапи кон судење на затворените Главниот суд се наоѓаше во Софија. Низ него поминаа 57 души од Малешевско, 7 души од Струмица. Во скопскиот затвор беа страшно мачени 18 души од Кочанско и 11 од град Радовиш. Повеќето од нив беа ослободени а познатиот водач на четата од село Лаки, Цоне Дончев, беше отруен. Во Солунскиот суд исто така затворените од село Ми-

трашинци беа подложени на страшни маки и мнозина осудени на по 15 годишен затвор. На разловчаните им се судеше во Софија. Некои од нив беа осудени, некои со тешки откупи успеаја да се извлечат од затворите а некој подоцна беа и од осудените амнестирани.

Куси спомнувања за овие затвори и мачења во нив наоѓаме овде-онде во тогашниот протестантски весник „Зорница“ што имаше релативно поголема можност да пишува за тоа. Така во бр. 25 од 18-VI-1876 год. ја читаме следнава белешка: „Во едно писмо од 7 ов. м. до весникот „Ла Турки“ се кажува дека во внатрешноста на Македонија немало ред и мир“. Безбројни злочинства станувале. Струмичкиот кајмакам запрел 6 души од христијанските првенци замешани во буните во Малешевско. Тие биле испратени во последното место (Пехчево — б. н.) да се испигаат и отаде ќе ги пратат во Солун.“ Не можевме да дојдеме до целата годишнина на весникот „Зорница“ за 1876 година во која според кажувањето на Константин П. Стојанов бил напечатен протестот на жената од поп Стојана поради пљачкањето на турскиот башибузук во село Разловци.[1])

Од друга страна спомен за овие затвори и мачења наоѓаме во едно подолго писмо од 22.IX.1876 година на софиската учителка Јорданка Филипова, пишано на руският консул во Пловдив Најден Геров: „Во Малешево, пишува учителката, во Македонија, село Разловча поради тоа дека 18 души од селото излегле прости ајдути без никаква цел за востание а заради (направено — б. н.) приватно обесчествување и насилување на жени, сестри и роднини, Осман Јузбашија од Софија го изгоре и го расипа сето село (Разловци — б. н.) И околу 80 души од околните села се доведоа во Софија и сите се пуштија како невини. Меѓутоа ги раскажаа маките што ги беа претргале во Струмица, биење, триење по писките на нозете и стапови, врзување главата меѓу нозе, бесење на синџири и др. Четири души беа умреле во мачењето, другите што ги донесоа во Софија го искажаа сето тоа во испитувањето но и досега не сеземени под внимание да ги накажат нивните мачители според законот. Мнозина од донесените имаат на грбот и целата снага рани од тепањето“.[2])

Најодзади еден кус спомен наоѓаме во едно писмо на Кустендилскиот митрополит Иларион до Стојан Чомаков од 4-IX-1876 во кое, меѓу другото, му соопштува дека „И денеска уште има затворено во Скопските темници неколку Кочански првенци без да им се фатило нешто в раце”.[3])

---

[1]) К. П. Стояновъ, цитираното дело стр. 1.

[2]) Изъ архивата на Н. Геровъ, издава Т. Панчевъ, София 1914, том. II стр.. 647.

[3]) А. Шоповъ, Др. Ст. Чомаковъ, Сб. БАН, кн. XIII, стр. 232.

И покрај сите ѕверски постапки на турската власт и башибозукот при задавување на Разловечкото востание, четата на Дим. Беровски, како јадро на Разловечкото востание, составена од 30 души, успеа сред силен глад и умор да се запази и понатаму макар и доста проредена. Војводата Димитар Беровски, ранет во главата, за сето време стоеше на чело на востаничката чета водејќи ја вешто и смело низ густиот обрач од турски аскери и пливнал башибозук по селата. Префрлајќи се од Малешевско во Мелничко, од Мелничко во Петричко, со настапувањето на зимските месеци оваа чета презимува во село Сажданик. Во текот на овие лутања таа го загуби и едниот од своите најгорешти борци, поп Стојана, кој беше се опитал да се склони во Рилскиот манастир. Забележен од турските заптии што тогаш квартирувале во Рилскиот манастир поради востаничкото вриење, поп Стојан бил фатен, затворен во Хрељовата манастирска кула каде изврши самоубиство за да не биде мачен од Турците.

Пролетта 1877 година четата повторно се формира под раководството на Дим. Беровски и се префрли да дејствува во полите на Осоговската планина и Пијанец, во тилот на турските војски што беа во војна со Србија.

Идната година 1878 во октомври го гледаме Дим. Беровски како началник на штабот на македонските востаници во новоподигнатото така наречено Кресненско востание во Пиринска Македонија кое и по јачина и по размери го натфрли Разловечкото востание од 1876 година,

Но сите овие акции на четата во 1877 год. по задавувањето на Разловечкото востание и активноста и улогата на Дим. Беровски во Кресненското востание од 1878 година ги надминуваат рамките на оваа наша тема и заслужуваат да бидат разгледани поодделно и на друго место.

Во склопот на револуционерното вриење и подигнатите востанија од 70-те години на 19 век, Разловечкото востание претставува само една алка во синџирот на народните движења преку која се поврза македонскиот народ со другите народи на Балканот во борбата за нивното ослободување од турското ропство. Преку него македонскиот народ ги направи и своите први чекори за помасовно вооружено расплатување со својот вековен потисник и експлоататор. Оттука во историјата на македонскиот народ тоа може и треба да се смета како почеток, макар колку слаб бил тој, на нашите револуционерни национално - ослободителни борби.

Како позитивно наследство од нашето револуционерно минато, Разловечкото востание треба да биде поопширно проучувано. Меѓу другото, овие редови немаат за цел само да фрлат повеќе светлина на него туку и да предизвикаат поголем интерес и да дадат подбуда за неговото проучување.

Lj. Lape

## L' INSURRECTION DE RAZLOVCI EN 1876
(résumé)

Les conditions de la vie très difficiles des peuples subjugués dans l'empire ottoman ont été aggravées vers le milieu du XIXe siècle alors qu'on commença, à la suite des changements sociaux et économiques, d'augmenter les impôts et les taxes, en imposant même des nouveaux, alors que les violences, les corvées, les pillages et les meurtres devenaient journaliers. Cet état de choses provoqua un revirement révolutionnaire parmi les masses des villes et des villages qui en étaient atteintes. Les insurrections de 1875 et de 1876 des peuples en Bosnie et Herzégovine, en Bulgarie et en Macédoine en sont la conséquence.

Le village Razlovci, qui se trouve dans la contrée montagneuse de Maleševo, devint le centre de l'insurrection macédonienne. L'organisateur et le chef de l'insurrection fut Dimitar Pop Gueorguiev Berovski, de Berovo, en Macédoine orientale.

Dimitar Berovski, encore élève au Séminaire d'Odessa (Russie), montra ses inclinations révolutionnaires, à la suite de quoi il fut renvoyé de l'école et vint à Belgrade (Serbie) en 1861. Là, il fut constamment en relation avec les émigrés révolutionnaires. S'étant inscrit à l' Ecole militaire de Belgrade, Berovski put s'instruire du maniement des armes. Après avoir pris part aux combats du côté des Serbes lors du bombardement de Belgrade en 1862, Berovski rentra en Macédoine pour continuer la lutte contre la tyrannie turque. Comme maître d'école à Berovo, il s'est acquit d'une autorité sur le peuple et réussit d'organiser une action publique ayant pour but l'expulsion de l'évêque grec de Strumica venu à Berovo en visite officielle. A la suite de cette action, Berovski fut emprisonné avec ses trois frères. Délivré de la prison, il partit à Salonique, où il organisa un cercle révolutionnaire des Macédoniens qui préparaient un soulèvement sous l'influence de celui qui était en cours en Bosnie et Herzégovine. S'étant lié d'amitié avec certains personnages de la Macédoine orientale, Berovski et ses camarades ont fini par l'achat des armes, par la prépration du drapeau de l'insurrection, par le transfert des armes et des insurgés de Salonique à Razlovci, etc. A cause de sa situation géographique favorable comme centre convergent des arrondissements de Maleš, Kočani et Pijanec, par l'activité révolutionnaire de ses habitants surtout, Razlovci est devenu le centre de l'insurrection. Au cours de quelques réunions éffectuées dans la forêt au-dessus du village, les paysans rassemblés se déclarèrent prêt à s'insurger. Après avoir transporté à cheval les armes de Salonique à Razlovci, Berovski, à la tête de sa compagnie, partit à travers la région pour propager l'insurrection. Les autorités turques en furent informées et commencèrent des représailles. C'est pour cela que les révoltés furent obligés de commencer le soulèvement avant la date prévue: le 20 mai 1876 ils attaquèrent les Turcs de Razlovci et tuèrent quelques-uns de ceux qui avaient été chargés d'emprisonner les paysans inculpés. Après avoir brûlé les registres des spahis et les archives des codžobašis, drapeau en tête, les insurgés se dirigèrent vers le village Mitrašinci où ils combattirent pendant cinq heures contre les soldats turcs. Au cours des combats le chef du soulèvement fut blessé grièvement, se qui eut des conséquences décisives pour le développement de l'insurrection.

L'insurrection en Macédoine orientale, à côté des celles en Bosnie et Herzégovine et en Bulgarie, força les Turcs à prendre des mesures sévères: ils bloquèrent la région de l'insurrection et procédèrent aux emprisonnements, aux destructions des villages, aux meurtres. A cette fin y fut envoyé Khel Hassan, connu par les horreurs commises pendant la suppression du soulèvement en Bulgarie. Deux fois le village Razlovci fut mis en feu, grand nombre d'hommes et de femmes furent emprisonnés et horriblement torturés. Bientôt l'insurrection fut anéantie.

Malgrê toutes les horreurs et les crimes commis par les soldats turcs, la compagnie de Dimitar Berovski, après tant de fatigues et de famine éprouvées, réussit à rester presque intacte, passant de Maleš à Melnik, de Melnik à Petrič.. En 1876, elle passa l'hiver au village Saždanik. En 1878, Dimitar Berovski, cette fois avec plus d'expérience, réussit de soulever une nouvelle insurrection, plus importante et mieux organisée, connue sous le nom de l'Insurrection de Kresna.

Dans le cadre des revirements révolutionnaires, des révoltes populaires, et des insurrections de la deuxième moitié du XIXe siecle, l'insurrection de Razlovci n'est qu'une maille dans la chaîne des mouvements populaires par laquelle le peuple macédonien se lia aux autres peuples du Balkan dans la lutte pour la délivrance nationale. Par l'insurrection de Razlovci, le peuple macédonien fit ses premiers pas vers la lutte finale contre son oppresseur et exploiteur. Pour cela, l'insurrection de Razlovci doit être considerée comme le début des luttes révolutionnaires de délivrance nationale qui, sous la direction de l' Organisation révolutionnaire macédonienne, aboutirent à l' Insurrection d' Ilinden en 1903 et à la proclamation de la République de Kruševo, l' achèvement des luttes révolutionnaires de délivrance nationale de cette période jusqu,à la Guerre balkanique.